323.12:[378.091.212:39(497.7)

**Ана Ашталковска Гајтаноска (Северна Македонија)**
**Институт за етнологија и антропологија**
**Природно-математички факултет - Скопје**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**е-пошта: ashtalkovska@gmail.com**

# ТЕШКОТИИ ВО НАДМИНУВАЊЕТО НА ЕТНОЦЕНТРИЗМОТ КАЈ МАКЕДОНСКИТЕ СТУДЕНТИ ПО ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА

**Апстракт**: Турбулентните политички случувања во Македонија во последниве години дополнително го легитимираа парадоксот за етноцентричен етнолог или антрополог, особено во периодот на десно ориентираната власт. Овој феномен има своја историја со оглед на постоењето на концептот за национални научни дисциплини, чија цел е да го негуваат, зајакнуваат и често да го (пре)создаваат националниот идентитет. Таков е вообичаено впечатокот во јавноста за задачите на овие дисциплини. Текстот ги разгледува стереотипните ставови на студентите на Институтот за етнологија и антропологија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Република Северна Македонија, кои сè уште опстојуваат и покрај напорите на вработените да ги деконструираат и проблематизираат од методолошки аспект. Како илустрација за овој парадокс ќе ги користам трудовите на студентите по етнологија и антропологија што содржат етноцентрични, патриотски, па дури и националистички ставови. Иако студиската програма на Институтот не ги поддржува ваквите ставови на студентите во врска со тоа какви истражувачи треба да бидат во однос на нивниот национален идентитет, станува очигледно дека борбата со широко распространетите ставови може да биде многу тешка.

**Клучни зборови**: етноцентризам, студии по етнологија и антропологија, студенти, стереотипи, национален идентитет.

## Вовед

Врската меѓу етнологијата и етноцентризмот е многу логична за пошироката јавност во македонското општество, и тој концепт има своја долга традиција. Особено во последните, политички многу турбулентни години, јавниот дискурс дополнително ја обележа етнологијата како една од науките чуварки на македонскиот национален идентитет преку истражувањето на областите што се во блиска корелација со националното: минатото, традицијата, обичаите, народната култура итн. Се чини дека македонскиот национален идентитет е историски под континуирана

закана со оглед на потребата од постоење на национални научни дисциплини чија професионална задача е да го бранат, чуваат и зајакнуваат идентитетот, пласирајќи спротивни „докази" од оние што го негираат.

Антропологизацијата на етнологијата од почетокот на милениумот започна да се спротивставува на погоре споменатите задачи на националната етнологија обидувајќи се процесите на (пре)создавање, чување, грижа, бранење, зајакнување на националниот идентитет да ги третира како интересни теми за проучување, а не како професионален повик на научниците. Оваа промена на концепциите во однос на проучувањето на „сопственото", особено кога се работи за областите тесно врзани со националниот идентитет на кој му припаѓа и истражувачот, очигледно е многу тешка и бавна. Во последниве години големо мнозинство претставуваат студентите на Институтот за етнологија и антропологија што цврсто се држат до концептот за етнологијата како национална наука, додека сериозно малцинство претставуваат студентите што дозволуваат релативизирање на овој национален концепт. Причините за оваа состојба ќе бидат разгледани преку историјата на етнологијата во Македонија, антропологизацијата на дисциплината и современите, до неодамна актуелни владини десничарски интервенции[1] што придонесуваат за одржување на националниот концепт за овие дисциплини, илустрирано со примери од работата на студентите од Институтот за етнологија и антропологија (ИЕА) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Република Северна Македонија.

**Националната етнологија во Македонија – главни карактеристики**

Почетоците на македонската национална етнологија појасно можат да се следат од социјалистичкиот период. Според Ристески, во македонски контекст, под влијание на силната контрола на социјалистичкиот систем, особено во првите години се инсистира на маргинализирање на оваа национална дисциплина во Македонија поради нејзината определба да се занимава со етногенезата и народната култура, со цел да се пресретнат евентуалните потенцијални опасности „за промовирање на некои од 'традиционалните вредности' кои требало по секоја цена да се заменат со нови" (Ристески 2014: 74). Како помалку опасна во оваа смисла и со помало влијание се третирала фолклористиката, која се етаблирала во тој период преку оформувањето на Институтот за фолклор во 1950 година, додека „јасното дистанцирање на македонската официјална политика во периодот на раниот социјализам од евентуалното отворање на какви било прашања од национален интерес за Република Македонија" е очигледно преку третманот на етнологијата (Ристески 2014: 72). Основните идеолошки назнаки од југословенскиот период, како што се братството и единството, еднаквоста итн., не подразбираат национална и националистичка обоеност на истражувањата на овие профили научници. Меѓутоа, според истражувањата и текстовите на фолклористите, етнолозите и етномузиколозите во списанието „Македонски фолклор" во издание на

1 Десно ориентираната конзервативна партија ВМРО-ДПМНЕ (Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство) ја предводеше Владата на Република Македонија во периодот од 2006 до 2016 година.

Институтот за фолклор од овој период, може да видиме дека, наспроти очекувањата, оптовареноста со националното е всушност она што го обележува југословенскиот период. Според Хердеровата епистемолошка подлога од 19 век, нацијата е органски ентитет, народниот дух е подлога на нејзината оригиналност и тој опстојува низ историјата како единствен, непроменет, автентичен, и така фолклорот или различните аспекти на народната култура го одржуваат националниот идентитет низ времето и ја определуваат неговата посебност. Оттаму е фасцинацијата и опседнатоста со селската култура (види кај Vukov 2011: 335). Оваа опседнатост со националното често подразбира етноцентричност, па дури и националистички дискурс кај истражувачите од националните дисциплини. Во македонски контекст, во југословенскиот период постои силен консензус меѓу националните истражувачи околу нивната главна задача – утврдување на националната припадност на народното творештво и народната култура, и од овој концепт речиси и не постојат отстапувања. Во таа оптовареност со националното, македонскиот народ како „нашиот народ" е важната и неразделна компонента од научната дејност со што се потенцира и грижата на науката за „својот" народ. Романтичарските насоки се многу актуелни во овој период и тие подразбираат глорификација на народното творештво и народната култура во прилог на македонскиот национален идентитет. Идеализацијата на народното така подразбира и идеализација на македонското. Во корист на континуитетот на етничкото опстојување, народната култура и традицијата на која таа се потпира се третираат како статични и непроменливи низ вековите. Авторите неуморно трагаат по единствени, општонародни карактеристики за темите што ги истражуваат, а нивните специфики во најголем број случаи зависат од префиксот етно. Идеализацијата на народната култура очигледно претставува важна задача на националната наука, која секогаш ја интерпретира македонската народна култура во позитивна светлина без отстапувања и девијации. Туѓите влијанија, оние на другите (соседните) култури се добредојдени во анализите исклучиво кога треба ним да им се припишат отстапувањата или „девијациите" од идеализираниот замислен Македонец. Во сите други случаи мисијата е да се подвлече оригиналната самобитна, чиста македонска народна култура. Националната наука е силно посветена на обврската да протестира против присвојувањата на македонското народно творештво и култура од страна на соседните национални науки. Поради тоа, авторите го потенцираат самобитниот карактер на македонскиот фолклор и народна култура, кои се географски и етнички ограничени, создадени на „македонска почва" и со општомакедонски карактеристики. Фолклорот и народната култура така стануваат сопственост на посебните балкански нации, кои задолжително треба многу да се разликуваат меѓу себе. Сите споменати карактеристики на националната наука во југословенскиот период повеќе подразбираат застапништво на „својот народ" од страна на авторите во етноцентричен стил отколку „објективна" наука во позитивистичка смисла на зборот, која е декларативно потенцирана како избран пристап од повеќе автори.

Додека ваквата мисија на националните дисциплини во југословенскиот период може да се „оправда" со потребите на младата македонска нација и нејзиното консолидирање, слична реторика среќаваме и во периодот по осамостојувањето во 1991 година кога почнува објавувањето на списанието „Етнолог" во издание

на Македонското етнолошко друштво. Повторно поради одредени политички и историски околности, младата македонска етнологија ревносно се става во функција на македонскиот „етнос" во оваа втора фаза на консолидација на македонската нација. Само во предговорот на првиот број на списанието, терминот „етно" се среќава во толку многу контексти со што се насира тенденцијата на истражување на најразлични теми исклучиво низ призмата на етничкото: етнопростор, етничка историја, етничка ризница, етнички живот, етничка територија, па дури и етничка научна мисла. Накратко, мисијата на списанието е: „Несомнено, во списанието 'Етнолог' место ќе најдат прилозите од националната етнологија, од етнологијата на македонскиот народ, неговата етничка историја која за жал е присвојувана, дури и негирана, а во последниве децении и последно време дури се приграбува и неговата етничка територија. Само преку етнолошката научна мисла, изнесена од тој аспект во списанието 'Етнолог' на домашната и светската јавност уште повеќе ќе ѝ се доближи вистината за етнологијата на македонскиот народ" (Етнолог 1992: 7, 8). Овој тон е карактеристичен за периодите на интензивна ревитализација на етноцентричниот поглед на националните дисциплини – со создавањето на македонската нација во рамките на СФРЈ, по распаѓањето на СФРЈ, во самостојна Република Македонија од 1991 година, и особено под водство на десно ориентираната власт на ВМРО-ДПМНЕ од 2006 до 2016 година.

Основните карактеристики на македонската национална етнологија (како и на другите сродни национални дисциплини) секако се споделени во балкански, но и во поширок централно- и источноевропски контекст како различни и целосно спротивни на „западната антропологија". Тие карактеристики, според идентификациите на западните антрополози, накратко означуваат една „дисциплина што се занимава со сопствената народна (селска) култура, позитивистичка и атеоретска дисциплина, под влијание на градењето на нациите и комунистичката идеологија. Накратко, тоа е застарена дисциплина, која нема што да ѝ понуди на социјалната антропологија" (Čapo 2014: 56). На овие карактеристики се надоврзуваат термините „периферни", „незападни" или антрополози „од третиот свет" (Bošković, Eriksen 2010: 3) и имплицитните и експлицитните тонови на потценување во анализите на „незападните" антропологии, односно етнологии, кои честопати се идентификувани како назадни, заостанати, позитивистички насочени, мали, национални/ националистички и сето она што наводно не го подразбира „западната" вистинска, развиена антропологија (Čapo 2014: 52). Затоа, важно е да се потенцира дека не постои една единствена генерална патека во развојот на етнологиите во Централна и Источна Европа, туку тие на различни начини се справувале со предизвиците. Дури и во рамките на Југославија, центрите како Белград, Загреб и Љубљана релативно рано почнале да излегуваат надвор од рамките поради отвореноста кон западните теории уште во 1970-тите и 1980-тите години, занимавајќи се со теми нетипични за дотогашната етнологија: секојдневие, урбана етнологија, нови критички пристапи кон етничноста, како и со преиспитување на романтичарските анализи на класичните етнолошки теми итн. (види, на пример, кај Čapo 2014; Nedeljković 2012; Bošković 2010). Инфериоризацијата на источноевропските етнологии ги заслужи критиките на многумина автори од овие простори, кои се спротивставија на стереотипното идентификување зашто сепак „не постои такво нешто како

’периферна антропологија‘, туку различни антропологии што се развиваат во многу специфични историски околности, кои функционираат во екстремно различни институционални, финансиски и интелектуални услови“ (Bošković, Eriksen 2010: 9). Сепак, кога зборуваме за македонската национална етнологија, таа останала периферна во секоја смисла во однос на центрите во југословенскиот период, како и по распаѓањето на СФРЈ, со оглед на нејзината специфична историја, и може да се каже дека и етнологијата и антропологијата сè уште се наоѓаат во фаза на етаблирање во македонски контекст.

## Студии по етнологија и антропологија

Во 1946/1947 година во новооснованиот Филозофски факултет е отворен Семинарот за етнографија и етнологија во Скопје, под водство на професорот Бранислав Русиќ. До укинувањето на Семинарот во 1952/1953 година, дипломирале 36 студенти под негово водство (Ристески 1997: 44). Вакуумот во образованието траел до 1984 година кога се отвораат двегодишни студии по етнологија на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет со една практична причина – да се преквалификува вишокот географи соодветно на државната програма за намалување на невработеноста. Во 1988 година, благодарение на упорноста на неколкумина етнолози, се отвораат четиригодишни студии на Заводот за етнологија повторно на Институтот за географија, како логично продолжување на традицијата на антропогеографски истражувања промовирана од Јован Цвијиќ, која останала запечатена долго време во македонски контекст. Така, малиот број етнолози во Македонија остануваат заглавени, односно „го фаворизирале стариот начин ’од сè по малку‘: малку географија, малку етнографија и малку историја“ (Светиева 2005: 226). Со оглед на недостигот на наставен кадар, голем број етнолошки предмети беа доделени на географи, и соодветно, студиската програма на овој Завод содржеше поголем број географски предмети отколку предмети поврзани со етнологијата. Концептот пак на етнолошките предмети подразбираше поделба на етногенеза, материјална, социјална и духовна култура на етничките заедници со посебен акцент на Македонците. До крајот на 20 и почетокот на 21 век во образовниот процес ги среќаваме карактеристиките на националните дисциплини споменати погоре сè до моментот на формирање на Институтот за етнологија и антропологија како самостојна институција во 2005 година кога започнуваат посериозните обиди за антропологизација на етнологијата[2]. Овој институт е единствената високообразовна институција за додипломски студии од оваа област и соодветствува со предлогот на Крис Хан за спојување на традиционалната национална етнологија (фолклор, материјална култура) со „западната“ антропологија (Hann 2007). Тоа е мал институт со десетина вработени од кои седуммина се директно вклучени во наставниот процес. Она што е важно е дека, барем меѓу наставниот кадар, постои консензус

2 Институтот е повторно сместен на Природно-математичкиот факултет, што секако претставува куриозитет со оглед на ова ретко оригинално и нестандардно решение, кое е последица на специфичната историја на студиите по етнологија во Република Северна Македонија.

околу третманот на етничноста преку релативизирање и деконструирање на романтичарскиот примордијален пристап, кој ги есенцијализира идентитетите и често подразбира национални или националистички агенди, кои можат да бидат опасни доколку се протежираат од академскиот свет. Со оглед на фактот што живееме во политички турбулентно секојдневие, опасностите од националниот и националистичкиот дискурс може да се илустрираат преку секојдневните ситуации за кои сведочиме во национално и националистички оптоварено општество, така што студентите имаат можност полесно да ги анализираат и разберат злоупотребите на етничкото и националното од страна на различните центри на моќ. Наместо различните националистички есенцијализми пласирани од политичките центри во нашето секојдневие, фокусот е ставен на создавањето или конструирањето на идентитетите и на субјективната димензија на етничкиот и националниот идентитет (Nedeljković 2012: 276, 278). Во оваа смисла студиските програми беа многу пати менувани со цел да ги следат трендовите поставени од центрите со подолга традиција во опкружувањето и во светот. Студиската програма што конечно ги спојува етнологијата и антропологијата беше акредитирана во 2008 година. Секако, позитивни промени во оваа смисла се евидентираат и во постдипломските и докторските студии на Институтот (види Risteski 2017). Во контекст на проблемот со националните и националистичките дисциплини и понатаму се прават континуирани напори за релаксација и спротивставување на националниот концепт со акредитациите од 2012 и најновата од 2017 година за додипломските студии. Освен предметите што директно се занимаваат со етничноста, како на пример предметот „Антропологија на етничност", овој проблем се обработува и по многу други предмети чии силабуси директно и намерно се дистанцираат од јавно прифатените национални назнаки кога се работи за овие дисциплини. Според наставните програми, етноцентризмот по повод етничкиот и националниот идентитет е сериозно ставен под прашање.

Дебатата на предлогот на Хан ги потенцира тешкотиите во спојувањето на националната етнологија и антропологијата. Беновска вели дека „големо мнозинство од научниците се воспитани според традициите на етноцентричната етнографија, фолклорни студии и етнологија, а нивната желба (доколку постои) за преориентација не е секогаш доволна" (Benovska 2007: 14). Вердери овој предлог на Хан го смета за наивен поради тешкотиите да се спојат две сосема различни, дури и спротивставени традиции со различно потекло, со различни филозофии и епистемологии (Verdery 2007: 49).

Во случајот со мнозинството од студентите по етнологија и антропологија на ИЕА, борбата за антропологизирање на нивните етноцентрични позиции станува исклучително тешка во новите општествени околности. Долгогодишното национално и националистичко воспитување поддржувано од страна на десно ориентираната власт ја направи таа борба уште потешка од порано. Тука најмногу мислам на интервенциите во учебниците за основно и средно образование за предметите од општествените и хуманистичките дисциплини, како на пример историја, општество итн., кои беа оптоварени со ваква реторика. Исто така треба да се спомене отсуството на наставни содржини и предмети во пониските нивоа на образование од сферата на етнологијата и уште повеќе од антропологијата како евентуални амортизирачи на

етноцентричната реторика во образовните содржини. Во контекст на образованието на идните етнолози и антрополози, очигледно е дека можностите за посуштински промени на неколкумина наставници од ИЕА се прилично ограничени доколку не започнат посистемски интервенции во однос на овие прашања на сите нивоа на образование. Од етнолошката и антрополошката фела во Македонија денеска сепак може да констатираме дека етнолошките класични назнаки во однос на чување на националното се далеку погласни отколку оние антрополошките што се трудат да го релативизираат примордијалистичкиот и есенцијалистичкиот третман на идентитетот во етничка и национална смисла[3].

**Илустрации за истрајниот национален концепт**

„Епистемолошки, етнологијата како што се развивала во своите рани фази беше осудена на нешто што јас го нарекувам етнографско отуѓување: колку повеќе се труди научникот да ја дефинира суштината на луѓето, која тој или таа се обидува да ја опише како оригинална, како уникатен феномен за одредена група луѓе, толку повеќе излегува дека не постојат суштински карактеристики што можат да ѝ се припишат ексклузивно на која било ограничена група луѓе. Кои и да се културните карактеристики што истражувачот ги извлекува од етнографското проучување, секогаш излегува дека истиот феномен може да се најде и кај друга група. Компаративните етнолошки студии покажуваат дека не постојат суштински стари карактеристики на која било група“ (Muršič 2017: 58).

Цитатот на Муршич наједноставно ги резимира намерите на наставниот кадар на ИЕА во однос на воспитувањето на идните етнолози и антрополози во Република Северна Македонија повеќе во контекст на хуманистичката димензија на дисциплините отколку на етноцентричната. Сепак, според цитатите[4] од нивните трудови, станува поразителен фактот дека етноцентризмот според националниот концепт на дисциплините продолжува да владее речиси непроменет од времето на основањето на овие дисциплини во македонски контекст.

За дел од студентите изгледа дека „големата љубов кон татковината и сопствениот македонски народ“ е и голем мотив за запишување на овој факултет.

3 По повод промената на името на Република Македонија според Преспанскиот договор со Република Грција оваа разлика во однос на третманот на националниот идентитет од страна на националните етнолози и антрополозите стана многу илустративна. Националните научници со агресивни аларми предупредуваа на губење на националниот идентитет чувствувајќи силен татковински повик за негова одбрана, додека за антрополозите идентитетот се создава и пресоздава, а не е ништо невообичаено тој и да се менува. Затоа антрополошките ставови во однос на националниот идентитет во овој случај од страна на националните научници се идентификувани како предавнички и најпосле како целосно нелогични за истражувачи што се занимаваат со овие идентитети.

4 Ќе се користат насловите на трудовите и иницијалите на авторите со цел да се избегне евентуалното жигосување на поединци зашто намерата сепак е да се прикаже проблемот со масовноста на оваа тенденција, а не да се посочуваат „виновници“ меѓу студентите.

Заради илустрација, една студентка, на поставеното прашање по предметот „Историја на етнологијата во Македонија“ за Антон Стоилов и неговите техники на теренско истражување од почетокот на 19 век, наместо одговор поентираше со поговорката: „Ништожник е оној кој има подобар пријател од својата татковина“ – зашто Антон Поп Стоилов се идентификувал како Бугарин, а бил роден во Горноџумајско во 1869 година. Така, неговите методи и техники на работа не заслужуваат внимание зашто тој поинаку се идентификувал себеси во етничка смисла од нејзините очекувања.

Врската на потенцијалните истражувачи етнолози и антрополози со сопствениот народ останува исто толку силна како во времето на социјализмот кога се етаблираат националните дисциплини. Припадноста на истражувачот кон „народот“ што го истражува се идентификува во текстовите на студентите, но не во смисла на рефлексивни промислувања за евентуалното влијание на оваа припадност во истражувањето, туку во смисла на логична, речиси природна фасцинација со македонската народна култура. Во оваа смисла, „истражувањето дома“ за националните етнолози директно ја подразбира опасната методолошка позиција на идеализирање на сопственото. Народната традиција и култура, која е фасцинација и за современите национални етнолози, се третира на истиот начин: нејзините елементи опстојуваат долго низ вековите, имаат свој континуитет и се автохтони изрази на македонскиот народен гениј. Често пати овие романтични тонови се поддржани со повторливите историски патетични интерпретации за вековните страдања на Македонците од кои се изродиле вонредни квалитети: „Македонското оро се зачувало долго, истрајало во културата на Македонците иако тоа поминало низ многу тешки векови на ропство, на асимилирање, угнетување од страна на османлиите. Сета таа болка, копнеж за слобода, вербата во Бога, Христијанството, се преточени во фолклорната традиција на Македонецот. Сето ова резултирало македонското оро да се препознава по автохтоните содржински пораки и стилски карактеристики со кои се легитимира овој вид на творечки дух на народниот гениј“ (Б. Т. 2015: 14). Опипливите, материјалните изрази на народната култура сѐ уште поверно го одразуваат етничкиот и националниот идентитет, па поради тоа фокусот е ставен на овие „објективни“ маркери на идентитетот многу повеќе отколку на неговите субјективни аспекти: „Во својата богата ризница на духовната и материјалната култура создавана со векови македонскиот народ создал такво богатство од носии со непроценливи вонвременски вредности. Инвентивноста на народниот гениј отишла дотаму што, кога се работи за народните носии, се вели дека тие не се само општ национален и регионален белег туку и дека секое село имало свој белег искажан со шарите, со везот и со боите на материјалот“ (Б. Т. 2015: 33). Со оглед на ваквата блиска интимна врска со темата на истражување и со „субјектот“ на истражувањето, и поврзано со обврската за застапување на сопственото во активистички манир, останува и должноста на современите национални етнолози, преку нивните истражувања, да се открие, презентира и афирмира националната посебност на Македонците: „За да не се заборави кои сме, од каде сме, кое е нашето богатство, а и другите да нѐ запознаат, Танец со својата работа веќе 65 години го негува и успешно го презентира културниот идентитет на Македонците (...) На овој начин верувам дека барем приближно успевам да ја остварам замислата за презентирање на етнографските аспекти во работата на ансамблот Танец, кои сметам дека се многу

важни и неизоставни во севкупната себеидентификација на македонскиот народ, но што е исто толку важно и за идентификација на македонскиот народ од страна на другите“ (Б. Т. 2015: 36, 42)[5].

Во избраните цитати од една магистерска теза се наѕира тенката линија меѓу националното и националистичкото. Селото како долготрајна преокупација на националните етнолози сѐ уште во романтичарски стил се третира како срж та на народното битие, кое понатаму се трансформира во етничко и национално: „Секој предел па дури и секое село претставувале варијанти на препознатлива македонска етничка култура. Во таа маса на рурално население се крие клучот на македонскиот опстанок и во најкритичните периоди поврзани со поделбата на Македонија, со духовното и физичкото истребување на Македонците“ (О. С. 2017: 32). Оттука натаму лесно се трасира патеката за „нормализирање“ на национализмот во темата што се однесува на истражување на идеите за обединување на Македонија во едно скопско село: „Потребата за потврдување на идентитетот делумно произлегува од историското наследство за несовпаѓањето на границите на националниот и етничкиот идентитет на Македонците, истовремено и не признавањето на идентитетот од страна на соседите. Од тука произлегува и појавата на определени форми на национализам, не во смисла на појавата на национализам како стремеж за прифаќање на сопствената нација како понадмоќна во однос на останатите, туку национализам во смисла на заштита, зачувување и потврда на сопствениот национален идентитет“ (О. С. 2017: 130)[6].

Истражуваните теми од примерите погоре можеле да понудат навистина интересни резултати доколку би постоеле потенцијали за прифаќање на идејата дека застапувањето на „сопственото“, особено кога се работи за етничкиот и националниот идентитет, како карактеристика на националните етнологии веќе одамна е неодржливо како истражувачка позиција. Наместо да ги деконструираат и критички да ги анализираат, студентите истражувачи всушност ги поддржуваат идеите што се тема на нивните истражувања, давајќи им легитимитет преку образовната и научната институција под чија капа се изведуваат овие истражувања. Овие позиции, без оглед на тоа што се радикално спротивни од образовните насоки на ИЕА, токму поради тоа наметнуваат една колективна, прилично тешка одговорност и за институцијата.

**Заклучок**

Со оглед на фактот што, освен етнологијата и антропологијата, постојат и други научни дисциплини и области што се оптоварени со националното, неопходно

5 Б. Т., дипломска работа: Етнографија на играорната пракса прикажана преку историјата на орската интерпретација во ансамблот „Танец“, Скопје: ИЕА, 2015.

6 О. С., магистерска теза: Етнолошко и антрополошко истражување на рефлексијата на идејата за обединување на Македонија во Горно Лисиче-Скопско, Скопје: ИЕА, 2017.

е ваквите дебати и преиспитувања на методолошките позиции во однос на националното низ историјата на дисциплините да се актуализираат на македонската академска сцена, но и на пошироко општествено ниво.

Десно ориентираната власт предводена од конзервативната и националистичка партија ВМРО-ДПМНЕ од една страна инсистираше на следење на светските трендови во однос на курикулумите на високообразовните институции со цел подобрување на квалитетот на високото образование[7] и негово осовременување, а од друга страна многу активно учествуваше во процесот на (пре)создавање, зајакнување и глорифицирање на македонскиот национален идентитет. Политичките и идеолошки оптоварени интервенции се реализираа преку проектите врзани со „антиквизацијата“, „Скопје 2014“, продукцијата на голем број документарни филмови со историска содржина и нивното секојдневно емитување на медиумите, но и преку соодветни интервенции во образовниот систем, главно со продукцијата на учебници со слична реторика[8]. Оваа тенденција опстојуваше десетина години, така што сериозно придонесе во преродбата и зајакнувањето на концептот за национални дисциплини чија главна задача е во голема мерка да го идеализираат македонскиот национален идентитет, односно да работат во негова корист. Долгогодишната опседнатост со македонскиот национален идентитет ја прави разбирлива несоборливата етноцентричност на студентите по етнологија и антропологија што поминале низ образовниот систем во основното или средното образование во вакви околности, а таа опседнатост со националното дополнително се нормализира и во многу други сегменти од нивното секојдневие – на пример гледајќи телевизија или шетајќи низ центарот на Скопје.

Со оглед на падот на атрактивноста на хуманистичките дисциплини како проблем на глобално ниво, од година во година сè помал број студенти се запишуваат на студии по етнологија и антропологија во Република Северна Македонија. Со оглед на проблемите во пониските нивоа на образование во изминатите години, капацитетите на запишаните студенти за критичко размислување се прилично рудиментирани. Покрај неатрактивноста на студиите и малиот број студенти,

7 Владата на ВМРО-ДПМНЕ предложи измени во Законот за високо образование во 2015 година и, меѓу другото, според член 94, за прв циклус академски студии студиската програма треба да има најмалку 80 % совпаѓање на содржините и исходите од учењето со иста или слична студиска програма што се изведува на универзитет што се наоѓа на првите 50 места од соодветната област, на ранг-листата што ја изготвува Центарот за светска класа универзитети при Шангајскиот универзитет Циао Тонг од Народна Република Кина, освен за слободно избраните предмети. Измените на Законот за високо образование предизвикаа масовни протести, така што на крајот сепак не беа усвоени.

8 Според некои новинарски истражувања, Владата на ВМРО-ДПМНЕ од 2013 до 2015 година ја поддржала продукцијата на МТВ (јавниот сервис Македонска телевизија) на околу 70 документарни филмови со историска содржина за кои потрошила 1,8 милиони евра заради претставување на славното минато на Македонците (Чаусидис, Тамара, Апостолов, Владо, „МРТ финансирала филмска верзија на ’Скопје 2014‘. Серијата историски документарци на малите екрани требаше да го постигне она на што ’Скопје 2014‘ целеше со фасади, со згради и со споменици“, објавено на 14 декември 2017, https://prizma.mk/mrt-finansirala-filmska-verzija-na-skopje-2014/, пристапено на: 1.12.2018).

трансформацијата со европскиот кредит трансфер систем во високото образование се покажа како неефикасна и всушност придонесе за намалување на квалитетот на високото образование. Владините кампањи за важноста од стекнување високо образование придонесоа за поттикнување огромен процент млади луѓе да се запишат на студии. Проектот за дисперзирани студии во многу градови низ земјата и комерцијализацијата на високото образование значително ги намалија критериумите на високообразовните институции во Република Северна Македонија. Како резултат на сите овие фактори, во последните години проблемот со потенцијалите и капацитетите на студентите станува алармантен. Во вакви околности, значајните задачи на етнологијата и антропологијата во Македонија – да поттикнува критичко размислување, да создава капацитети за препознавање и деконструирање на стереотипите, особено кога се работи за етничкиот и националниот идентитет во мултиетничко и мултикултурно опкружување – тешко се исполнуваат со оглед на фактот што голем процент од кадрите што дипломираат, магистрираат или докторираат на теми на кој било начин поврзани со „македонското“ сѐ уште го практикуваат националниот концепт во однос на овие дисциплини.

**Литература**

Етнолог (1992), Списание на Здружението на етнолозите на Македонија, год. I, бр. 1, Скопје.

Ристески, Љ. (1997), Ракописната заоставштина на Бранислав Русиќ, прилог кон историјата на етнолошката мисла во Македонија, Битола: Мисирков.

Ристески, Љ. (2014), „’Само што излеговме од опинци, етнолозите сакаат повторно да нѐ вратат во нив‘. Статусот на етнологијата во Македонија во периодот на социјализмот (1946–1953)“, во: Ристески, Љ., Ашталковска Гајтаноска, А. (ур.), За етнологијата... безброј прагови сме преминале... за Анета Светиева, Скопје: ИЕА, 55–76.

Светиева, А. (2005), „Конечно Институт за етнологија и антропологија на Универзитетот ’Св. Кирил и Методиј‘ во Скопје, Природно-математички факултет“, Етнолог бр. 11, Скопје: МЕД, 225–232.

Benovska, M. (2007), „Anthropology and Related Disciplines: the view from Bulgaria“, Comment on Hann, Ch., Anthropology’s Multiple Temporalities and its Future in Central and Eastern Europe, A Debate, Working Paper No. 90, Halle/Saale: Max Planck Institute for Social Anthropology, 11–14.

Bošković, A. (2010), „Between Ethnology and Anthropology: some former Yugoslav perspectives“, Comment on Hann, Ch., Anthropology's Multiple Temporalities and its Future in Central and Eastern Europe, A Debate, Working Paper No. 90, Halle/Saale: Max Planck Institute for Social Anthropology, 15–18.

Bošković, A., Eriksen, Th. Hylland (2010), „Introduction“, во: Bošković, A. (ур.), Other Peoples' Anthropologies, Ethnographic Practice on the Margins, New York, Oxford: Berghahn Books, 1–19.

Čapo, J. (2014), „Ethnology and Anthropology in Europe. Towards a Trans-National Discipline“, Cultural Analysis 13, 51–76.

Hann, Ch. et al. (2007), Anthropology's Multiple Temporalities and its Future in Central and Eastern Europe, A Debate, Working Paper No. 90, Halle/Saale: Max Planck Institute for Social Anthropology.

Muršič, R. (2017), „Power, Knowledge and Freedom: Persisting Continental Ethnologists“, во: Risteski, Lj., Crvenkovska Risteska, I. (ур.), Against All Odds: Ethnology and Anthropology Between Theory and Practice, Skopje: IEA, 55–69.

Nedeljković, S. (2012), „Looking for the Right Formula: Studies of Ethnicity in Serbia“, Antropologija 12, sv. 2, Beograd, 273–290.

Risteski, Lj. (2017), „10 Years Institute of Ethnology and Anthropology (2005–2015)“, во: Risteski, Lj., Crvenkovska Risteska, I. (ур.), Against All Odds: Ethnology and Anthropology Between Theory and Practice, Skopje: IEA, 7–17.

Verdery, K. (2007), „'Frangulus' Anthropology and East European Ethnography: The prospects for synthesis“, Comment on Hann, Ch., Anthropology's Multiple Temporalities and its Future in Central and Eastern Europe, A Debate, Working Paper No. 90, Halle/Saale: Max Planck Institute for Social Anthropology, 48–51.

Vukov, N. (2011), „Ethnoscripts and nationgraphies: imagining nations within ethnographic museums in East Central and Southern Europe“, Great Narratives of the Past. Traditions and Revisions in National Museums, Conference proceedings from EuNaMus, European National Museums: Identity Politics, the Uses of the Past and the European Citizen, Paris 29 June – 1 July & 25–26 November 2011. Dominique Poulot, Felicity Bodenstein & José María Lanzarote Guiral (eds), EuNaMus Report No 4. Published by Linköping University Electronic Press, 331–343, http://www.ep.liu.se/ecp_home/index.en.aspx?issue=078, пристапено на: 12.12.2018